ИПИС
ИНСТИТУТ ЗА ПОЛИТИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА

Religija.mk

KONRAD ADENAUER STIFTUNG

# Социјалната одговорност на верските заедници во мулти-религиски општества

Владимир Божиновски
Марјан Николовски



www.kas.de

ИПИС
ИНСТИТУТ ЗА ПОЛИТИЧКИ ИСТРАЖУВАЊА

Religija.mk

KONRAD ADENAUER STIFTUNG

# Социјалната одговорност на верските заедници во мулти-религиски општества

Владимир Божиновски
Марјан Николовски

# Импресум

**Наслов:**
Социјалната одговорност на верските заедници во мулти-религиски општества

**Автори**:
Владимир Божиновски
Марјан Николовски

**Издавач**:
Фондација Конрад Аденауер, претставништво во Република Северна Македонија
Институт за Политички истражувања-Скопје
„Религија.мк“ Молитвеник за информации

**Координација**:
Даниел Браун
Роберт Јанев

**Статистичка/квантитативна анализа:**
Гораст Стојменовски

**Дизајн:**
Винсент Графика Скопје

**Фотографија на насловна страница:**
Аворските права за фотографијата ги задржува фондацијата Конрад Аденауер

**Книгата може бесплатно да се преземе на:**
kas.de/nordmazedonien

**Напомена:**
Оваа публикација на Фондацијата Конрад Аденауер служи само за информативни цели. Истата не смее да се употребува во рамки на изборни кампањи. Ставовите и заклучоците во оваа публикација им припаѓаат на самите автори и на никаков начин не ги рефлектираат ставовите и заклучоците на Фондацијата Конрад Аденауер.

# Содржина


Вовед 5

Анализа и заклучни согледувања 8

Демографски карактеристики 15

Табеларен приказ на резултатите 22

# Вовед

Интернет порталот „Religija.mk“, и „Институтот за политички истражувања Скопје“ (ИПИС), со поддршка на фондацијата „Конрад Аденауер“ (КАС), 2022 година ја заокружуваат со уште едно истражување на јавното мислење во рамки на долгогодишниот проект за следење на перцепцијата на јавноста од религиски аспект во мултикултурни и мулти-религиозни општества како што е Република Северна Македонија.

Сите досегашни истражувања имаа различни целни опфати за различни агли на влијанието на религијата врз општествените текови и за улогата на верските заедници во тие процеси. Во сите досегашни истражувања има и еден континуитет кој претставува барометар на процентуалната религиска припадност на населението и на процентуалната религиозност на населението во соодветниот период. Тоа всушност претставува и првична база на прашања во секое истражување, а не изостанува и во ова истражување.

И ова истражување не открива некои драматични промени во процентот на религиска припадност, каде доминантна е православната христијанска определба, а потоа исламот. Во споредба со останатите истражувања, нема некои силни осцилации и во делот на практикувањето на религијата кај населението во државата.

Специфичната тема на интерес кај ова истражување беше социјалниот аспект на верските заедници во Република Северна Македонија, нивната улога во надминување на социјалниот јаз, нивната општествена одговорност, како и перцепцијата на јавноста за капацитетот на верските заедници за ваков тип на активности, но пред се за потребата од такви активности во едно мулти-конфесионално општество.

Ова е многу интересна тема за која многу малку се зборува во општеството, а која е многу важна за апострофирање. Голем дел од верските заедници во Европа и во светот имаат развиена социјална одговорност и се своевиден партнер на државите во ова поле. Во земјата постои една општа перцепција каде многу често верските заедници се сфаќаат само како институции за венчавки и погреби, или како институции за задоволување на религиските потреби на верниците. Тоа беше една од појдовните точки за ова истражување, кое треба да открие дали оваа општа перцепција е реална, на што е темелена, и како таа може да се редефинира.

Идејата на темата е да се сврти вниманието на луѓето кон еден важен фактор во општеството, во кој, религијата, верските заедници, можат да имаат важна улога. Особено интересен е и периодот во кој се прави ова истражување, а поврзан и со генералната светска економска и енергетска криза.

Целта е да се испита јавното мислење, дали луѓето мислат дека верските заедници треба да се насочат кон социјалната компонента и на кој начин тоа би можеле да го направат.

Од ова истражување самите верски заедници ќе имаат јасна претстава, што може да им биде подлога за креирање на своја политика кон социјалните компоненти. Истражувањето дава мислење на луѓето, од една страна, како тие ги перципираат верските заедници. На пример: дали се социјално одговорни, дали помагаат, дали и колку учествуваат во социјалниот живот на државата, што е генерално реален приказ на сликата на верниците за самите верски заедници и воедно е добро да самите верски заедници знаат што јавноста мисли за нив.

Од друга страна пак истражувањето прави обид за проверка на перцепцијата на

граѓаните, дали и до каде можат верските заедници да одат во социјалниот аспект на општеството. Тоа подразбира нивен став, односно проверка на размислувањето на граѓаните на конкретно зададени теми. На пример: дали верските заедници треба да отвораат старечки домови, детски домови па и нови народни кујни. Овој пристап пак го прави истражувањето исклучително корисна платформа за самите верски заедници во евентуално нивно креирање на стратегии за функционалност, за да можат да знаат каде и во која насока да ги насочуваат своите евентуални активности.

Исто така ова истражување е и проверка на перцепција, дали таквата активност е нарушување на секуларноста на државата, или не.

Честопати во јавноста постојат различни толкувања за сфаќањата како треба да функционира една црква, или верска заедница, или религиозна група. Постои одреден став дека нејзиниот фокус треба да биде само во рамките на верските учења, образложувајќи го тоа свое толкување како рамка на дејствување на секуларен карактер на државата. Друг аналитички пристап е дека самите верски заедници треба да имаат проактивна општествена улога во границите на тоа што опфаќа не нарушување на секуларноста. Третиот пристап на толкување е малку поширок и се води од тоа дека активноста на верските заедници во социјалниот аспект на животот не значи нарушување на секуларноста, туку индиректно партнерство на државата во социјалниот домен, бидејќи функционалноста на тој социјален систем функционира на принципите на државните закони, со што не се доведува во прашање секуларноста на државата. Впрочем такви примери постојат многу во западно европските држави, а како исклучителен добар пример е Романската Православна Црква, која важи за една од најсоцијално одговорните православни цркви во светот, која освен институција за погреби и венчавки, е црква која управува со социјални институции, домови за стари лица, за деца без родители, народни кујни, социјални болници и др.

Ова истражување беше поделено во три дела, вклучувајќи го дополнително првичниот стандарден дел за мерење на процентот на религиозност на населението.

Првиот дел од целната група опфаќаа прашања од аспект на перцепцијата на граѓаните за тоа колку верските заедници во Република Северна Македонија се општествено и социјално одговорни. Како всушност ги перципира јавноста. Тука се мереше довербата во Верските заедници, а испитаниците одговараа на прашања каква е нивната перцепција за доверба во верските заедници, како и тоа дали верските заедници се социјално одговорни?

Истражувањето открива една средна оценка за овој аспект, која наспроти општото мислење дека верските заедници уживаат висока доверба, сепак довербата и не е така висока.

Овој сет на прашања имаше за цел да анализира дали граѓаните мислат дека верските заедници помагаат на социјално загрозени категории во државата, ако ДА, на кој начин? Но, за да биде целосна сликата се бараа и вкрстени одговори на отворени прашања за тоа колку граѓаните можат да посочат примери за социјална активност спроведена од МПЦ-ОА, или од ИВЗ, за која се запознаени. Резултатите од истражувањето за овој аспект откриваат интересни податоци за перцепцијата на јавноста. Како на пример дека релативно висок процент од граѓаните целосно, или делумно се согласуваат дека верските заедници се социјално одговорни институции, но од друга страна пак, поголемиот дел од граѓаните не биле инволвирани, ниту се запознаени со некоја социјална активност организирана од страна на верските заедници.

Вториот аспект на истражувањето беше насочен кон тоа какви верски заедници сакаат да видат? Каква социјална и општествена одговорност треба да имаат? Ова е многу интересен дел од истражувањето кој е разработен со конкретни идеи кои им беа презентирани на анкетираните, а тие даваа мислење дали и во кој степен таквата идеја е добра. Сега

со ова истражување верските заедници во земјата имаат јасна слика дали некоја предложена активност би добила позитивно, или негативно мислење од јавноста, бидејќи ова е прво такво истражување во македонската јавност за ваков аспект на поглед кон религијата и нејзиното влијание во општеството.

Во овој сет на прашања, поединечно се бараа одговори на тоа: дали верските заедници треба да имаат поголема социјална активност, дали треба да учествуваат во хуманитарни акции, дали треба да организираат и стопанисуваат со народни кујни, старечки домови, домови за деца без родители, дали треба да организираат и стопанисуваат со бесплатни болници за лица социјално загрозени, дали верските заедници треба да организираат фондации за помош на социјално загрозени лица, или пак да организираат социјални установи за психолошка и духовна поддршка.

Општата перцепција на јавноста е дека таа сака да види поголема ангажираност на верските заедници. Одговорите на анкетираните во висок процент одобруваат секаква социјална активност на верските заедници. Анализите на резултатите покажуваат дека се минимални процентуалните осцилации од еден до друг предлог, но речиси и да нема идеја, предложена со ова истражување, за кое мнозинството има негативно мислење.

Општиот заклучок, што пред себе треба да го имаат верските заедници, кога ќе го анализираат ова истражување е дека мнозинството граѓани имаат позитивно мислење за улогата на верските заедници во социјалниот живот на граѓаните, што е компатибилно со одговорите на претходните прашања каде мнозинството од испитаниците сметаат дека верските заедници треба да бидат повеќе активни и да бидат вклучени во повеќе дејности од социјалниот живот на заедницата.

Со оглед дека светот се соочува со исклучително важна економско-енергетска криза, а земајќи го превид кревкиот социо-економски карактер на македонското општество и неговата зависност од светските текови во овој домен, ова истражување беше искористено и за проверка на јавното мислење на граѓаните во пресрет на „тешката зима“ како што сите економски аналитичари го оценуваат периодот што претстои.

Во третиот сет на прашања се мереше и перцепцијата на граѓаните за иницијативата на државата, која бараше од верските заедници солидарност во процесите на штедење на електрична енергија.

Она што за ова истражување беше важно е да се најде поврзаноста на капацитетот на граѓаните за надминување на кризата и улогата на верските заедници во истото. На пример како прашања од типот каква може да биде улогата на верските заедници во насока на помош, но и прашања за граѓаните од типот дали би користеле помош од верските заедници доколку постои, за надминување на кризата.

Кога станува збор за економската криза испитаниците одговараа на прашања за нивниот потенцијален страв како ќе ја поминат зимата поради најавите за економската и енергетска криза, дали нивниот домашен буџет може да ги покрие основните месечни трошоци за живот, како и тоа за кои трошоци најмногу стравуваат: струја, парно, гориво, храна?

Анализата од истражувањето во овој домен ги потврдија нашите претпоставки дека голем дел од граѓаните имаат стравови од најавената економско-енергетска криза што се очекува претстојната зима. Анализите покажуваат дека не е мал процентот на граѓани кои и сега имаат проблем да ги покријат основните трошоци за живот. Она што е загрижувачки е процентот и на оние кои сметаат дека може да се појави потреба да побараат помош од верските заедници претстојниот период, или да бидат приморани да користат услуги од некоја од народните кујни.

Првото вакво истражување во Република Северна Македонија за социјалната одговорност на верските заедници во државата очекуваме дека ќе побуди голем интерес и кај самите верски заедници, но и кај јавноста.

# Анализа и заклучни согледувања

## Концепт на истражувањата

Концептот на мулти-религиска држава е соодветен за македонските прилики, со оглед дека мулти-конфесионалноста и од историски, но и од современ аспект претставува значајна карактеристика на македонското општество која влијае врз процесите и го обликува развојот на државата. Доколку се имплементира правилно, концептот на мулти-религиска држава може да биде значајна кохезивна сила помеѓу граѓаните со различна вероисповест, но во случај на погрешна имплементација или злоупотреба и сегментирање на општеството на религиска основа, мулти-конфесионалноста може да прерасне во извор на конфликти, дури и во општество како македонското каде има долга традиција на соживот помеѓу повеќе религии. Со оглед на фокусирање кон мулти-етничкиот концепт во изминатите неколку децении, мулти-религискиот аспект на македонското општество е честопати занемарен, иако понекогаш се споменува како одреден импакт фактор, но без притоа сериозно да се анализира степенот на влијание на религијата врз општествените процеси. Токму со цел да се добие една генерална слика за влијанието на религијата во македонското општество, Институтот за политички истражувања од Скопје (ИПИС), заедно со веб-порталот religija.mk и фондацијата Конрад Аденауер (КАС), во 2016 година го започнаа проектот „Република Северна Македонија како мулти-конфесионално општество.“

Проектот вклучува истражувања и анализи (кои се базирани на резултатите од тие истражувања) на повеќе општествени процеси во кои се испитува степенот на влијанието на религијата и религиозните убедувања. Основната идеја која стои зад овој проект е преку анализа на јавните перцепции и ставови кон религијата, како и нивната улога во македонското мулти-конфесионално општество, да се иницира јавна дебата и да се подигне јавната свест кон овие прашања, што би довело и до идни промени и унапредување на односите во оваа сфера, а со тоа и во самото општество.

# Методологија на истражување

При спроведување на истражувањето е користена квантитативна истражувачка методологија на собирање на податоци, (преку телефонска анкета), која овозможува веродостојно и прецизно скенирање на ставовите на генералната популација. ИПИС има детален преглед на македонските телекомуникациски мрежи и нивната дата база, што овозможува целосна територијална покриеност на националните анкети. За спроведување на анкетите се користи CATI методот и *dual frame sampling model* (фиксни и мобилни линии). За време на интервјуата, а со цел да се постигнат високи нивоа на доверба, се користи моделот на случаен избор и анонимност во анкетирањето, кое му е посочено посебно на секој испитаник. За испитанците чиј мајчин јазик не е македонскиот се ангажираат анкетари кои ги говорат јазиците на другите заедници, со цел да се избегне можна јазична бариера во комуникацијата.

Со цел да се задржат високо поставените методолошки стандарди, креиран е репрезентативен примерок за истражувањата на национално ниво, редовно тестиран и обновуван. Во овој примерок се запазени сите релевантни социо-демографски карактеристики на населението во земјата. Националните анкети се спроведуваат со стратификуван примерок (во две етапи со случаен избор на испитаникот). Со оглед на спецификите на истражувањето, примерокот е стратификуван согласно регионите и населените места. Големината на примерокот се избира согласно потребите на истражувањето, а во овој случај беа вклучени 1109 испитаници со задржување на генералниот соодност во поглед на базичните демографски карактеристики како пол, возраст, професија и образование. Стратификацијата е соодветна со најновите податоци од Државниот завод за статистика. Просечната респонзивност во анкетите зависи од самата тема на истражување и се движи од 30-60%, а за ова истражување беше 43% од добиените соговорници. Маргиналната грешка е помеѓу +/-3.2% со 95% интервал на веродостојност.

# Анализа

Истражувањето насловено „**Социјалната одговорност на верските заедници во мулти-религиски општества“** е спроведено на крајот на Октомври 2022. Анкетата е направена помеѓу полнолетни испитаници на национално ниво. Целта на истражувањето беше да се проценат ставовите на верниците околу улогата и одговорноста на верските заедници во социјалната сфера на општеството, односно перцепциите за нивниот потенцијален или посакуван ангажман во различни социјални проекти.

Како и во другите истражувања од овој циклус, во воведниот дел од анкетата се поставија неколку стандардни прашања кои се однесуваат на општата перцепција на граѓаните и нивниот однос кон религијата.

Првото воведно прашање беше ***На која религија и припаѓате?,*** при што 70% се изјасниле како православни и 27% како муслимани, додека припадници на други религии или атеисти биле околу 3% од испитаниците. Сепак, како што беше напоменато и во претходните слични истражувања, треба да се има во предвид разликата помеѓу припадност и практикување на религија, каде првото е повеќе перцепирано како традиција и наследство, додека второто е личен избор на луѓето кои самостојно одлучуваат како и дали ќе ја практикуваат религијата за која одлучиле дека и припаѓаат. Токму затоа, второто прашање од анкетата беше ***Дали за себе може да кажете дека сте религиозен/на?*** На ова прашање високи 56% (53% во претходната анкета) кажале дека се религиозни и дополнителни 33% (34% претходно) изјавиле дека се донекаде религиозни. Како малку или воопшто нерелигиозни се определиле 11% (13% претходно) од испитаниците. Кај православните овој процент е 8%, додека кај муслиманите е 12%.

Следното прашање беше поставувано и во повеќе други анкети од циклусот „Република Северна *Македонија како мулти-конфесионално општество,“* а како прашање тоа е стандардно и кај истражувањата на Евробарометар, на ниво на ЕУ, а гласеше **Дали верувате дека: 1. Бог постои како што е напишано во светите книги, 2. Бог не постои, но постои некоја виша сила или 3. Не постои ни Бог ниту виша сила**.

На ова прашање 73% се определиле за првата опција, 16% за втората и само 3% за третата опција, односно дека нема ниту Бог, ниту некоја виша сила, што е сличен резултат и со одговорите кога ова прашање беше поставувано во претходните анкети од циклусот. Кај православните христијани процентите се 72, кои веруваат во Бог потоа 16% веруваат во виша сила и 3% кои не веруваат во ништо, додека кај муслиманите 79% изјавиле дека веруваат во Бог, 15% во виша сила и само 1% се определиле за третата опција. Овие одговори само ја потврдуваат констатацијата забележена и во претходните анкети дека Р.С. Македонија е високо религиозна држава со релативно висок процент на религиозна популација кај обете најзастапени религии.

На прашањето ***Кога последен пат сте биле во црква/џамија/синагога?***, 29% од православните верници изјавиле во текот на минатата недела, 33% во текот на претходниот месец, 21% пред неколку месеци, 9% минатата година и 6% изјавиле дека не одат во црква. Кај муслиманите овие проценти се следствено 20, 27, 22, 5 и 11%. *Овие одговори укажуваат дека значаен дел од верниците од двете повеќе застапени вероисповести, релативно често*

*ги посетуваат верските храмови како еден од темелите на практикување на религијата.*

Следното прашање се однесуваше на перцепциите за односот на верниците кон нивните верски заедници и со таа цел испитаниците беа прашани ***Дали имате доверба во вашата верска заедница?*** На ова прашање *најголем дел од испитаниците одговориле дека имаат доверба во нивната верска заедница*, односно 49% имаат целосна, а 25% донекаде имаат доверба во својата верска заедница. Дека донекаде или воопшто немаат доверба во верските заедници одговориле 10%, односно 9% од анкетираните следствено. Кај православните процентот на оние кои имаат доверба во МПЦ-ОА е повисок, односно 53% имаат целосна и 26% делумна доверба, додека кај муслиманите е нешто понизок со 42% целосна и 24% делумна доверба во ИВЗ.

По воведните прашања кои имаа за цел да ја утврдат перцепцијата на граѓаните за религијата како и нивната доверба во верските заедници, следуваа прашањата од главниот сегмент на анкетата, односно перцепцијата околу поврзаноста со социјалната сфера, како и социјалната одговорност на верските заедници. Во првото прашање од овој дел, испитаниците ги даваа своите оцени за тоа ***Дали верските заедници се социјално одговорни институции од аспект на хуманост и помош на луѓето и заедницата?*** На ова прашање, 38% одговориле со *да* и дополнителни 25% со *донекаде да*, односно *релативно високи 63% од граѓаните целосно или делумно се согласуваат дека верските заедници се социјално одговорни институции.* Од друга страна, 12% сметаат дека донекаде не се и 14% од испитаниците имаат став дека верските заедници воопшто не се социјално одговорни институции. *Најголем дел од испитаниците, односно 70% од нив, се согласуваат* ***дека верските заедници треба повеќе да бидат активни во социјалниот живот на заедницата,*** додека само 5% сметаат дека тие треба помалку да се активни, а 13% мислат дека тие треба да се активни како и досега. Околу 23% од испитаниците **се запознати со некоја социјална активност на верските заедници,** додека 61% не се запознати. Од одговорите на ова прашање може да се заклучи дека *поголемиот дел од граѓаните не биле инволвирани, ниту се запознаени со некоја социјална активност организирана од верските заедници.*

Целта на следното прашање беше да се испита перцепцијата на испитаниците околу тоа ***кои социјални дејности би требало да се организираат од страна на верските заедници,*** имајќи во предвид дека во претходните прашања поголемиот дел од нив се изјаснија дека верските заедници треба да се ангажираат повеќе во социјалниот живот на заедницата. На ова прашање, на граѓаните кои беа дел од истражувањето им беа понудени десетина опции на кои тие требаше да одговорат дали се согласуваат или не за одредена социјална активност да биде организирана од некоја од верските заедници. Првата понудена опција беше ***брачно и семејно советување,*** како социјална активност која може да биде организирана од верска заедница. Со ова се согласиле, односно одговориле со *да,* 58% од испитаниците, додека 24% сметаат дека верските заедници не треба да се инволвираат во овој тип на активност. За можноста верските заедници да организираат ***отворање на домови за постари лица кои се социјално загрозени,*** високи 80% би ја поддржале оваа активност (87% кај православните и 63% кај муслиманите), додека само 10% се против.

Постои речиси едногласност во поддршката од страна на граѓаните за една од највидливите социјални активности кои се организираат од страна на верските заедници, односно ***отворање на народни кујни за социјално ранливите категории.*** Речиси 90% (89%) од испитаниците ја поддржуваат оваа социјална активност, а само 6% се против организирање на народни кујни од страна на верските заедници. Околу 81% се за, а само 10% се против ангажманот на верските заедници во однос на ***грижа и советување за лица со болести на зависност,*** а слични 83% поддржуваат ***отворање на социјални***

***установи за психолошка и духовна поддршка.***

Многу е висока поддршката, односно 91% од испитаниците одговориле со *да,* на можноста ***верските заедници да отворат фондации за помош на социјално загрозени лица***, додека нешто е помала поддршката за ***социјална грижа за раселени лица*** (74%). Скоро идентична поддршка од 81% има во одговорите за можноста верските заедници да се ангажираат во следните две социјални активности, односно ***отворањето на домови за деца без родители и отворање на болници за социјално загрозените лица.***

Како заклучок од одговорите на претходното прашање произлегува констатацијата дека *поголем дел од граѓаните би ја поддржале секоја од предложените социјални дејности кои би можеле да бидат организирани од страна на верските заедници, иако за одредени како отворање на народни кујни за социјално ранливите категории или фондации за помош на социјално загрозени лица постои повисока поддршка, додека за други како брачно и семејно советување поддршката е нешто пониска, но сепак релативно висока.*

На следното прашање, испитаниците имаа можност да изберат оцена од 1-5, каде 1 е многу негативно, а 5 е многу позитивно, во однос на тоа ***Каква е улогата на верските заедници во социјалниот аспект на животот на граѓаните?*** На ова прашање 30% од испитаниците избрале средна оцена 3, а по 20% се одлучиле за 4 и 5. Релативно ниски 12% одбрале 2 и само 6% се одлучиле за 1, што наведува на заклучок дека *повеќето граѓани имаат позитивно мислење за улогата на верските заедници во социјалниот живот на граѓаните, што е компатибилно со одговорите на претходните прашања каде мнозинството од испитаниците сметаат дека верските заедници треба да бидат повеќе активни и да бидат вклучени во повеќе дејности од социјалниот живот на заедницата.*

Во следниот сет на прашања истражувањето се обиде да ги долови перцепциите и очекувањата на граѓаните во однос на претстојниот период, а во контекст на најавите за продлабочување на економската и енергетската криза поврзана со глобалните случувања. На прашањето ***Дали сте загрижени во однос на тоа како ќе ја поминете зимата поради најавите за економско-енергетска криза?***, најголем дел од граѓаните одговориле со *да (48%)* или *донекаде да,* (25%), а само 10% не се донекаде загрижени и 12% не се воопшто загрижени. Во однос на ***типот на трошоци кои граѓаните најмногу стравуваат дека ќе се зголемат,*** очекувано најголем дел посочиле *струја* (45%) и *храна* (31%). На прашањето ***Дали вашиот буџет може да ги покрие основните трошоци за живот во моментот?****,* 27% изјавиле *да* и 31% донекаде да. Релативно високи 22% одговориле дека не можат да ги покријат месечните трошоци со дополнителни 13% кои рекле дека донекаде не можат да ги покријат издатоците за тековниот месец или вкупно 35% од граѓаните имаат проблем за покривање на основните трошоци за живот во овој момент. Сепак релативно пониски 6% кои одговориле со *да* и 9% со *можеби да,* сметаат дека ***претстојната зима би можело да се појави потреба за користење на услуги на некоја од народните кујни организирани од верските заедници.***

На прашањето ***Дали би побарале помош од вашата верска заедница во случај да не може да ги покриете основните трошоци?****,* во претстојниот период, 17% одговориле потврдно со дополнителни 18% кои изјавиле *да, можеби,* што е соодветно со процентите на граѓаните кои на претходните прашања изјавиле дека и сега имаат проблем со покривање на основните трошоци за живот. Од одговорите на претходната група на прашања може да се заклучи дека *поголемиот дел од граѓаните стравуваат од најавената економско-енергетска криза која се очекува претстојната зима, при што најголемо е стравувањето од покачување на трошоците за струја и храна. Околу 35% од населението има проблем да ги покрие основните трошоци за живот во моментов, а толкав е процентот и на оние кои сметаат дека може да се појави потреба да побараат помош од*

*верските заедници претстојниот период. Дополнително околу 15% од испитаниците сметаат дека може да се појави и потреба да користат услуги од некоја од народните кујни претстојниот период.*

Последните две прашања од истражувањето се во контекст на претходниот сет на прашања, односно се однесуваат на перцепциите околу потребата од штедење на електрична енергија во периодот кој следи. На прашањето ***Дали е правилен потегот државата да побара солидарност од верските заедници околу намалување на потрошувачката на струја?***, релативно високи 46% одговориле со *да* и 16% со *да, можеби*, а со *најверојатно не* и *не*, одговориле релативно ниски 5% и 17% соодветно. На прашањето ***Дали сметате дека препораката од верските заедници кон верниците за штедење ќе придонесе во рационализација на потрошувачката на електрична енергија?***, високи 50% сметаат дека донекаде или целосно ќе придонесе, а 33% дека донекаде или воопшто нема да придонесе за намалување на потрошувачката. Оттука може да се заклучи дека *кај граѓаните постои релативно висока свест за потребата од рационализација на струја, вклучително и кај храмовите и објектите на верските заедници, како и тоа дека самите верски заедници со повик за штедење на електричната енергија може да придонесат за намалување на потрошувачката на домаќинствата во претстојниот период.*

## Заклучок

- **Значаен дел од верниците од двете поголеми вероисповести, релативно често ги посетуваат верските храмови како еден од темелите на практикување на религијата.**
- **Најголем дел од испитаниците имаат доверба во нивната верска заедница.**
- **Релативно висок процент од граѓаните целосно или делумно се согласуваат дека верските заедници се социјално одговорни институции.**
- **Најголем дел од испитаниците, се согласуваат дека верските заедници треба повеќе да бидат активни во социјалниот живот на заедницата.**
- **Поголемиот дел од граѓаните не биле инволвирани, ниту се запознаени со некоја социјална активност организирана од верските заедници.**
- **Мнозинство од испитаниците би ја поддржале секоја од предложените социјални дејности кои би можеле да бидат организирани од страна на верските заедници, иако за одредени како отворање на народни кујни за социјално ранливите категории или фондации за помош на социјално загрозени лица постои повисока поддршка, додека за други како брачно и семејно советување поддршката е нешто пониска, но сепак релативно висока.**
- **Повеќето граѓани имаат позитивно мислење за улогата на верските заедници во социјалниот живот на граѓаните, што е компатибилно со одговорите на претходните прашања каде мнозинството од испитаниците сметаат дека верските заедници треба да бидат повеќе активни и да бидат вклучени во повеќе дејности од социјалниот живот на заедницата.**
- **Голем дел од граѓаните стравуваат од најавената економско-енергетска криза која се очекува претстојната зима, при што најголемо е стравувањето од покачување на трошоците за струја и храна. Околу 35% од населението има проблем да ги покрие основните трошоци за живот во моментов, а толкав е процентот и на оние кои сметаат дека може да се појави потреба да побараат помош од верските заедници претстојниот период. Дополнително околу 15% од испитаниците сметаат дека може да се појави и потреба да користат услуги од некоја од народните кујни претстојниот период.**
- **Кај испитаниците постои релативно висока свест за потребата од рационализација на струја, вклучително и кај храмовите и објектите на верските заедници, како и тоа дека самите верски заедници со повик за штедење на електричната енергија може да придонесат за намалување на потрошувачката на домаќинствата во претстојниот период.**

# Демографски карактеристики

1.1 Табела

| Пол | | |
|---|---|---|
| | Испитаници | Процент |
| Машки | 545 | 49.1 |
| Женски | 564 | 50.9 |
| Вкупно | 1109 | 100.0 |

1.1 Графикон



1.2 Табела

| Возраст | | |
|---|---|---|
| | Испитаници | Процент |
| до 29 години | 180 | 16.2 |
| од 30 до 39 години | 205 | 18.5 |
| од 40 до 49 години | 220 | 19.8 |
| од 50 до 59 години | 229 | 20.6 |
| над 60 години | 275 | 24.8 |
| Вкупно | 1109 | 100.0 |

1.2 Графикон



1.3 Табела

| Образование | | |
|---|---|---|
| | Испитаници | Процент |
| до основно | 66 | 6.0 |
| основно | 149 | 13.4 |
| средно | 645 | 58.2 |
| вишо и високо | 249 | 22.5 |
| Вкупно | 1109 | 100.0 |

1.3 Графикон



1.4 Табела

| Професија | | |
|---|---|---|
| | Испитаници | Процент |
| Студент | 48 | 4.3 |
| Вработен во приватен сектор | 401 | 36.2 |
| Вработен државен сектор | 169 | 15.2 |
| Самовработен или сопственик на приватен бизнис | 36 | 3.2 |
| Земјоделец | 15 | 1.4 |
| Пензионер | 272 | 24.5 |
| Невработен | 146 | 13.2 |
| Друго | 22 | 2.0 |
| Вкупно | 1109 | 100.0 |

1.4 Графикон



1.5 Табела

| Етникум | | |
|---|---|---|
| | Испитаници | Процент |
| Македонец | 785 | 70.8 |
| Албанец | 271 | 24.4 |
| Друго | 53 | 4.8 |
| Вкупно | 1109 | 100.0 |

1.5 Графикон



1.6 Табела

| Место | | |
|---|---|---|
| | Испитаници | Процент |
| Село | 275 | 24.8 |
| Помал град | 255 | 23.0 |
| Поголем град | 321 | 28.9 |
| Скопје | 258 | 23.3 |
| Вкупно | 1109 | 100.0 |

1.6 Графикон



1.7 Табела

| Регион | | |
|---|---|---|
| | Испитаници | Процент |
| Вардарски регион | 100 | 9.0 |
| Источен регион | 100 | 9.0 |
| Југозападен регион | 118 | 10.6 |
| Југоисточен регион | 87 | 7.8 |
| Пелагониски регион | 138 | 12.4 |
| Полошки регион | 170 | 15.3 |
| Североисточен регион | 70 | 6.3 |
| Скопски регион | 326 | 29.4 |
| Вкупно | 1109 | 100.0 |

1.7 Графикон



# Табеларен приказ на резултатите :

П.1 На која религија и припаѓате?

| | | Дек. 2019 | Апр. 2020 | Март 2021 | Ное. 2021 | Апр. 2022 | **Окт. 2022** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| На која религија и припаѓате? | Православна | 73.5% | 70.7% | 72.3% | 72.4% | 71.0% | **69.5%** |
| | Исламска | 24.6% | 25.6% | 25.0% | 24.4% | 24.7% | **27.0%** |
| | Друго | .1% | 1.1% | .2% | .0% | .0% | **.7%** |
| | Атеист | 1.5% | 2.6% | 1.4% | 2.9% | 2.4% | **1.0%** |
| | Не знам / Нема одговор | .3% | .1% | 1.2% | .3% | 1.7% | **1.8%** |




| | | ВКУПНО | | Пол | | Возраст | | | | | Образование | | | | Професија | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Машки | Женски | до 29 години | 30 - 39 | 40 - 49 | 50 - 59 | над 60 години | до основно | основно | средно | вишо и високо | Студент | Приватен сектор | Државен сектор | Самовработен/ сопственик | Земјоделец | Пензионер | Невработен | Друго |
| **Број на испитаници** | | **1109** | **100%** | **545** | **564** | **180** | **205** | **220** | **229** | **275** | **66** | **149** | **645** | **249** | **48** | **401** | **169** | **36** | **15** | **272** | **146** | **22** |
| На која религија и припаѓате? | Православна | **771** | **69.5%** | 67.9% | 71.1% | 65.6% | 66.8% | 66.4% | 66.4% | 79.3% | 56.1% | 45.6% | 74.7% | 73.9% | 66.7% | 67.8% | 76.9% | 41.7% | 46.7% | 81.6% | 56.2% | 50.0% |
| | Исламска | **299** | **27.0%** | 27.9% | 26.1% | 30.0% | 30.2% | 30.0% | 30.6% | 17.1% | 39.4% | 51.0% | 23.1% | 19.3% | 27.1% | 28.9% | 20.1% | 58.3% | 46.7% | 15.1% | 39.0% | 45.5% |
| | Друго | **8** | **.7%** | .7% | .7% | .6% | .5% | .0% | 1.3% | 1.1% | 4.5% | .0% | .5% | .8% | 2.1% | .2% | .6% | .0% | 6.7% | .7% | 1.4% | .0% |
| | Атеист | **11** | **1.0%** | 1.3% | .7% | .0% | 1.0% | .5% | .4% | 2.5% | .0% | .0% | .6% | 2.8% | .0% | .5% | .6% | .0% | .0% | 2.6% | .0% | 4.5% |
| | Не знам / Нема одговор | **20** | **1.8%** | 2.2% | 1.4% | 3.9% | 1.5% | 3.2% | 1.3% | .0% | .0% | 3.4% | 1.1% | 3.2% | 4.2% | 2.5% | 1.8% | .0% | .0% | .0% | 3.4% | .0% |

| | | Етникум | | | Место | | | | Регион | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонец | Албанец | Друго | Село | Помал град | Поголем град | Скопје | Вардарски | Источен | Југозападен | Југоисточен | Пелагониски | Полошки | Североисточен | Скопски |
| **Број на испитаници** | | **785** | **271** | **53** | **275** | **255** | **321** | **258** | **100** | **100** | **118** | **87** | **138** | **170** | **70** | **326** |
| На која религија и припаѓате? | Православна | 96.9% | .0% | 18.9% | 41.8% | 89.0% | 73.8% | 74.4% | 98.0% | 98.0% | 44.1% | 100.0% | 94.2% | 23.5% | 68.6% | 66.9% |
| | Исламска | .4% | 99.6% | 49.1% | 54.9% | 9.4% | 23.1% | 19.4% | 1.0% | 1.0% | 50.8% | .0% | 1.4% | 74.1% | 28.6% | 27.3% |
| | Друго | .4% | .0% | 9.4% | .7% | 1.2% | .6% | .4% | 1.0% | 1.0% | .0% | .0% | 2.2% | .6% | .0% | .6% |
| | Атеист | .9% | .4% | 5.7% | .4% | .0% | .9% | 2.7% | .0% | .0% | 1.7% | .0% | .7% | .0% | 1.4% | 2.1% |
| | Не знам / Нема одговор | 1.4% | .0% | 17.0% | 2.2% | .4% | 1.6% | 3.1% | .0% | .0% | 3.4% | .0% | 1.4% | 1.8% | 1.4% | 3.1% |

